Центар за Управување со Промени

Следење на административната правда

Какви се мислењата на граѓаните за

# ВРАБОТУВАЊАТА ВО ДРЖАВНАТА И ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА?



## Кој сектор е најпривлечен за работа?

За мнозинството граѓани **68 %** најпривлечен сектор за работа во Р. Македонија е јавниот сектор, процентот на граѓаните кои ја истакнуваат посакуваноста на приватниот сектор - економијата изнесува **22,8 %** додека само **3 %** од граѓаните го одбрале граѓанскиот сектор.





**66,9 %** од граѓаните ја проценуваат досегашната практика на вработување во државната и јавната администрација како многу и донекаде нефер и неправедна, **20,7 %** од граѓаните практиката на вработување ја оцениле како донекаде фер и праведна, а само **6,2 %** ја оцениле како фер и праведна.

## Причини поради кои сметаат дека практиката на вработување во државната и јавната администрација е нефер и неправедна...

**42,6 %** од граѓаните ги наведуваат партиските вработувања.

**9,4 %** како неправедна причина го нагласуваат и вработувањето преку познати лица.

## Запрашани дали ја одобруваат оваа практика на партиски вработувања во администрацијата,

најголем дел од граѓаните **79,3 %** одговараат **НЕГАТИВНО**,

додека мал процент **14,6 %** **ОДОБРУВААТ** такви вработувања.



## Што е најголем проблем за вработувањето во државна и јавна администрација?

**43,1%**

Речиси половина од граѓаните кои сметаат дека партиските вработувања претставуваат проблем, како проблем на институциите го издвојуваат вработувањето на неквалификувани работници

**34,2%**

Проблемот го гледаат во тоа што вработените не си ја вршат работата

**8,6%**

Сметаат дека службениците ги застапуваат интересите на политичките партии

За **51,9 %** од граѓаните целосно е важно да се направат промени за подобрување на професионалноста на администрацијата во нашата држава,

додека **36,4 %** сметаат дека донекаде е важно да се направат промени



**Во однос на потребата од промени, кога ќе се соберат оние кои мислат дека е важно и многу важно да се направат некакви промени во администрацијата, се доаѓа до процент од 88,3% на лицата кои беа дел од истражувањето и кои сметаат дека ПРОМЕНИ СЕ ПОТРЕБНИ**

British Embassy Skopje

Подготовката на овој материјал беше овозможена со поддршка од Британска амбасада Скопје, во рамките на проектот „Следење на административната правда“. Мислењата и ставовите наведени во овој материјал не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската амбасада.